# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 3 година LVIII**

**11 март 2022 година**

**opve@veles.gov.mk**


**Бр.26**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08-1400 /1
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ' бр.61/04,96/04,67/07,156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2023 година**

1.Советот на Општина Велес го донесе Буџетскиот календар на Општина Велес за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1360/1
10.03.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ” број 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2022 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**на Општина Велес за 2023 година**

| **Можен датум** | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| декември/ март | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС „Сл.весник на РМ“ бр.61/04...209/18 и „Сл.весник на РСМ“ број 244/19.....150/21) |
| април | Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години | член 16 од Законот за буџети („Сл.весник на РМ“ бр.64/05.....167/16) |
| април | Советот на Општината ја разгледува и усвојува фискалната стратегија на Општината | Одделение за финансиски прашања и Одделение за локален економски развој |
| април-мај | Градоначалникот подготвува препораки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања |
| мај -јуни | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции | Буџетски корисници |
| јули -август | Одделението за финансиски прашања, ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања) | Одделение за финансиски прашања |
| септември | Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.) | член 27, став 1 и 2 од Законот за буџети („Сл.весник на РМ“ бр.64/05....167/16 и член 21 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04......209/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 244/19.....150/21 |
| октомври | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредниците на буџетот за наредната година | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања |
| октомври | Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот | Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| октомври | **а**. Се собираат буџетските барања<br>**б**. Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесуваат до Градоначалникот<br>**в**. Се изготвува билансот на приходи **г.** Се изготвува билансот на расходи | Одделение за финансиски прашања |
| октомври | Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година | Градоначалник, Раководители на сектори, Раководители на одделенија |
| октомври - ноември | Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината | Совет на Општина |
| ноември - декември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| декември | Се доставува Предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| крај на декември | Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември) | Совет на Општина |
| јануари | Започнува новата буџетска година | |

Број 25-1360/1
10.03.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.27**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/2
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Велес со намена А1-домување во семејни куќи во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр. 11505 за КО Велес
2. КП бр. 10751 за КО Велес
3. КП бр. 11004/4 за КО Велес

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1360/2
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.28**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Башино село-вон град**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Башино село-вон град, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/3
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Башино село-вон град**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Башино село-вон град., со намена А1-домување во семејни куќи во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр. 769/1 за КО Башино село-вон град
2. КП бр. 769/3 за КО Башино село-вон град

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1360/3
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.29**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за неусогласување на намените на бесправно изградени објекти изградени на КП бр. 1419, КП бр. 16926, КП бр.16927 и КП бр. 16930 во идната урбанистичко планска документација**

Се објавува Одлуката за неусогласување на намените на бесправно изградени објекти изградени на КП бр. 1419, КП бр. 16926, КП бр.16927 и КП бр. 16930 во идната урбанистичко планска документација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/4
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11 … 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14 и 64/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за неусогласување на намените на бесправно изградени објекти изградени на КП бр. 14019, КП бр. 16926, КП бр. 16927 и КП бр. 16930 во идната урбанистичко-планска документација**

**Член 1**

Советот на Општина Велес утврдува неусогласување на намените на бесправно изградените објекти-свињарска фарма (доградба на зграда 1, зграда 2, зграда 3 и зграда 4) изградени на КП бр.14019, КП бр.16926, КП бр.16927 и КП бр.16930 за КО Велес, во идната урбанистичко планската документација.

**Член 2**

Предметните објекти се наоѓаат во зона со намена на површини за индивудуално домување согласно важечкиот ГУП на град Велес донесен со Одлука на Совет бр.0701-2035/2 од 30.05.2006 година.

**Член 3**

Намената на објектите-свињарска фарма е утврдена врз основа на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за легализација на бесправно изградени објекти и делови на објекти во КО Велес, со бр. 139-03 од 22.09.2014 година, а во врска со барањето за утврдување на правен статус поднесено од Горан Јованов, со бр. 13-1290/4974 од 29.08.2011 година.

**Член 4**

Оваа одлука претставува основ за одбивање на барањето за утврдување на правен статус поради неисполнување услови за издавање на урбанистичка согласност согласно член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1360/4
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.30**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка со општина Градско**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка со општина Градско, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/5
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 7 став (1) и член 9 став (2) алинеа 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општината Велес, на седница оддржана на 09.03.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на предлог**
**за воспоставување на меѓуопштинска**
**соработка**

**Член 1**

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од Советот на Општина Градско бр.08-61/5 од 04.02.2022 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Градско бр. 09-70/1 од 31.01.2022 година, за вршење на определени работи од областа на инспекциски надзор од страна на овластен градежен инспектор на Општина Велес за потребите на Општина Градско.

**Член 2**

По донесувањето на оваа Одлука, помеѓу општините ќе биде склучен договор за воспоставување на меѓуопштинската соработка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1360/5
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.31**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење едукативна опрема донација од Асоцијацијата „АЛЗАС-МАКЕДОНИЈА" на општинските основни училишта**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење едукативна опрема донација од Асоцијацијата „АЛЗАС-МАКЕДОНИЈА" на општинските основни училишта, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/6
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес " бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), согласно Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за прифаќање на донација од Асоцијацијата Алзас-Македонија („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 02/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2022 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење едукативна опрема донација од Асоцијацијата „АЛЗАС-МАКЕДОНИЈА" на општинските основни училишта**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Велес врши распределба на едукативна опрема која е донацијата од давателот, асоцијацијата „Алзас-Македонија" (АЛМА), со седиште во Стразбур - Алзас, Република Франција со давање на трајно користење на истата на општинските основни училишта.

**Член 2**

Едукативната опрема се состои од 30 училишни маси и 182 анатомски столчиња, кои се распределуваат на користење на следниот начин:

-ООУ„Лирија"- с Бузалково 40 столчиња и 14 маси
-ООУ„Блаже Конески"- 32 столчиња и 16 маси
-ООУ„Панко Брашнаров"- 90 столчиња (30 големи и 60 мали)
-ООУ„Стојан Бурчевски Буридан", с.Иванковци- 20 столчиња

**Член 3**

За распределбата и предавањето на едукативната опрема на општинските основни училишта – корисници на опремата ќе бидат составени посебни записници, во кои ќе се запише бројот и состојбата на опремата кога се дава на трајно користење.

Корисниците на опремата се должни истата да ја заведат во својата книговодствена евиденција како основни средства.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1360/6
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.32**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење медицинска опрема донација од Асоцијацијата „АЛЗАС-МАКЕДОНИЈА“ на семејства со болни и тешко подвижни лица**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење медицинска опрема донација од Асоцијацијата „АЛЗАС-МАКЕДОНИЈА“ на семејства со болни и тешко подвижни лица, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/7
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес " бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), согласно Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за прифаќање на донација од Асоцијацијата Алзас-Македонија („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 09/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2022 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење медицинска опрема донација од Асоцијацијата „АЛЗАС-МАКЕДОНИЈА“ на семјества со болни и тешко подвижни лица**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Велес врши врши распределба на медицинска опрема за болни и тешко подвижни лица која е донација од дарателот, асоцијацијата „Алзас-Македонија“ (АЛМА), со седиште во Стразбур - Алзас, Република Франција.

Медицинската опрема се дава на трајно користење на семјества со болни и тешко подвижни лица на подрачјето на Општина Велес, преку здруженија на граѓани кои активно работат со овие семејства.

**Член 2**

Медицинската опрема која се состои од 10 електрични медицински кревети и 10 душеци се распределува на следниот начин:

- 3 електрични медицински кревети и 3 душеци на ЗГ „Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености“;

- 4 електрични медицински кревети и 4 душеци на ЗГ Меѓуопштинско здружение на телесни инвалиди на општините Велес, Градско и Чашка „МОБИЛНОСТ“- Велес и

- 3 електрични медицински кревети и 3 душеци на ЗГ „Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби – Подружница Велес“.

**Член 3**

За предавањето на медицинската опрема кон општинските здруженија на граѓани ќе бидат составени посебни записници, во кои ќе се запише бројот и состојбата на опремата кога се дава на трајно користење на семјества со болни и тешко подвижни лица.

**Член 4**

За давањето на трајно користење на медицинската опрема, здруженијата на граѓани до Општина Велес ќе достават известување кон кои семејства е извршено давањето на опремата.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1360/7
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

**Бр.33**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучокот за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/8
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06,03/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1360/8
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 5/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 19/21) се врши изменување и тоа:

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона Р10 "Заштита на животната средина и природата", износот од „4.000.000" се брише и се заменува со износ од „4.452.000".

Во колона Р10, во точка 3. Изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) износот од „540.000" се брише и се заменува со износ од „198.000".

Во колона Р10, во точка 4. Чистење на диви депонии-дел од Годишна програма за управување со отпад износот од „500.000" се брише и се заменува со „400.000".

Во колона Р10, во точка 6. Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување износот од „1.100.000" се брише и се заменува со износ од „1.994.000".

Понатаму, во табеларниот преглед во колона РА0 "Заштита на животната средина и природата (капитални расходи)", износот од „6.000.000" се брише и се заменува со износ од „5.548.000".

Во колона РА0, во точка 2. Подигнување на нови зелени површини износот од „2.260.000" се брише и се заменува со износ од „1.808.000".

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1360/8
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.34**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата - културните манифестации „59.Рацинови средби" и „55.Детски Рацинови средби" на здружение на граѓани**

Се објавува Правилникот за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата - културните манифестации „59.Рацинови средби" и „55.Детски Рацинови средби" на здружение на граѓани што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/9
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 90 од Законот за здруженија и фондации („Служен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11 и 55/16), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" 12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културните манифестации „59.Рацинови средби" и „55.Детски Рацинови средби" („Службен гласник на Општина Велес" бр.2/22)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата- културните манифестации „59.Рацинови средби" и „55.Детски Рацинови средби" на здружение на граѓани**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здружение на граѓани.

**Член 2**

Делегирањето на дел од надлежностите од областа на културата на здружение на граѓани за вршење на одредени работи од областа на културата се однесува на организирање и реализирање на културните манифестации „59.Рацинови средби" и „55.Детски Рацинови средби", а се врши преку објавување јавен конкурс.

**Член 3**

Кон пријавата доставена по јавниот конкурс здружението на граѓани е должно да приложи:

1. Решение за упис во централен регистар;
2. Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;
3. Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности-Програма на здружението за начинот и постапката за реализација на културната манифестација;
4. Финансиска структура на активностите;
5. Име, презиме на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;
6. Портфолио на здружението во кое јасно ќе се гледа неговиот придонес и работа во областа на културата.

**Член 4**

Градоначалникот распишува конкурс и формира трichлена комисија која ги разгледува пријавите по конкурсот на здруженијата на граѓани што ги исполнуваат условите, согласно Законот за локална самоуправа и овој Правилник.

**Член 5**

Пријавите од член 3 на овој Правилник, се разгледуваат во присуство на сите членови на Комисијата.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата и се доставува до Градоначалникот.

**Член 6**

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа:

- соодветност на предлогот со условите од јавниот конкурс до 20 бода;
- капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на културата, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата, поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето до 40 бода; и
- план и програма за организирање и реализирање на манифестациите до 40 бода.

**Член 7**

При разгледувањето на пријавата и целокупната документација кон истата, Комисијата може да изврши интервју непосредно со претседателот на здружението на граѓани.

**Член 8**

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу Општина Велес и здружението на граѓани, согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежности од областа на културата содржи:

1. Краток опис на делегираните надлежности;
2. Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;
3. Обврски на договорните страни;
4. Следење на реализицата на делегираните надлежности и начин на доставување на извештаи;
5. Одговорноста при за направена штета и осигурување;
6. Висината на средствата од Буџетот на Општина Велес и начинот на исплата на истите на здружението на граѓани за реализирање на делегираната надлежност;
7. Ревизија и мониторинг;
8. Раскинување на договорот и
9. Завршни одредби.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1360/9
10.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.35**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Велес во областа на културата за организирање и реализирање на Меѓународната скулпторска колонија на здружение на граѓани**

Се објавува Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Велес во областа на културата за организирање и реализирање на Меѓународната скулпторска колонија на здружение на граѓани што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.03.2022 година.

Број 08 – 1400/10
11.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 90 од Законот за здруженија и фондации („Служен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/22)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата- културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“ на здружение на граѓани**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здружение на граѓани.

**Член 2**

Делегирањето на дел од надлежностите од областа на културата на здружение на граѓани за вршење на одредени работи од областа на културата се однесува на организирање и реализирање на културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“, а се врши преку објавување јавен конкурс.

**Член 3**

Кон пријавата доставена по јавниот конкурс здружението на граѓани е должно да приложи:

1. Решение за упис во централен регистар;
